# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 98** **10 април 2020, петок** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1433. | **Решение** за дополнување на Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Германија.......................................... | 2 |
| 1434. | **Правилник** за изменување на Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт.... | 2 |
| 1435. | **Анекс договор** за меѓуопштинска соработка склучен помеѓу Општина Битола и Општина Могила.............. | 3 |
| 1436. | **Анекс договор** за меѓуопштинска соработка склучен помеѓу Општина Битола и Општина Новаци.............. | 3 |
| | **Огласен дел**..................................... | **1-44** |

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**1433.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА ВИСОКО ПАТОГЕНА АВИЈАРНА ИНФЛУЕНЦА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПО ПОТЕКЛО ОД РЕПУБЛИКА ГЕРМАНИЈА**

Член 1

Во Решението за забрана на увоз на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на високо патогена авијарна инфлуенца во Република Северна Македонија по потекло од Република Германија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 49/20 и 85/20), во членот 1 став (1) по алинејата 1се додаваат две нови алинеи 2 и 3 кои гласат:

"- Борде/Börde,

- Звикау/Zwickau,".

Член 2

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 02-549/3
8 април 2020 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1434.**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1 алинеја 2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19), Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седница одржана на 9 април 2020 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ И ГОРИВА ЗА ТРАНСПОРТ**

Член 1

Во Правилникот за формирање на највисоки малопродажни цени на одделни нафтени деривати и горива за транспорт („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/19 и 212/19), во членот 5 во ставовите (1) и (2) бројот „15" се заменува со зборовите „ крајот на".

Ставот (3) се менува и гласи:

"Регулаторната комисија за енергетика врз основа на податоците добиени од следењето и функционирањето на пазарот, како и податоците добиени од Царинската Управа, донесува одлука за определување на густината за секој нафтен дериват и гориво за транспорт од член 2, став (1) на овој правилник, со исклучок на мазутот М-1 и тоа два пати годишно, односно најдоцна до крајот на април за периодот од мај до октомври за тековната година и најдоцна до крајот на октомври во тековната година, за периодот од ноември во тековната година до април во наредната година."

Член 2

Во членот 9 во ставовите (1), (2) и (3) бројот „14" се заменува со бројот „27".

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 01-975/1
9 април 2020 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

# ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

**1435.**

Врз основа на член 9 и член 29 став 1, 2 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09) член 50 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) , член 6 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/2014, 193/2015, и 39/2016) Градоначалникот на општината Битола м-р Наташа Петровска и Градоначалникот на општината Могила Јасмина Гулевска на ден 30.12.2019 година, склучија

**АНЕКС ДОГОВОР**

Член 1

Во Договорот заведен во Општина Битола со бр. 08-51/8 од 2.4.2018 година и Анекс договорот со бр. 08-87/4 од 7.2. 2019 година и заведен во Општина Могила со бр. 03-198/5 од 5.4.2018 година и Анекс договорот со бр. 03-163/1 од 7.2. 2019 склучен помеѓу Општина Битола и Општина Могила членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

Времетраење на овој Договор е до 31.12.2020 година.“

Член 2

Овој Анекс Договор е склучен во 6 примероци по три за двете договорни страни и истиот ќе биде објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-1092/4
30 декември 2019 година
Битола

Општина Битола
Градоначалник,
м-р **Наташа Петровска,** с.р.

03-1029/2
30 декември 2019 година
Могила

Општина Могила
Градоначалник,
**Јасмина Гулевска,** с.р.

---

**1436.**

Врз основа на член 9 и член 29 став 1,2 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/09) член 50 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 6 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/2014, 193/2015, и 39/2016) Градоначалникот на општината Битола м-р Наташа Петровска и Градоначалникот на општината Новаци Љубе Кузманоски на ден 30.12.2019 година, склучија

**АНЕКС ДОГОВОР**

Член 1

Во Договорот заведен во Општина Битола бр.08-52/8 од 17.4.2018 година и

Анекс Договор бр. 08-86/4 од 7.2.2019 година како и Договорот заведен во Општина Новаци под бр. 03-200/5 од 17.4.2018 година и Анекс Договорот бр.03-198/1 од 7.2.2019 година склучен помеѓу Општина Битола и Општина Новаци членот 3 се менува и гласи:

„Член 3

Времетраење на овој Договор е до 31.12.2020 година.“

Член 2

Овој Анекс Договор е склучен во 6 примероци по три за двете договорни страни и истиот ќе биде објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-1091/4
30 декември 2019 година
Битола

Општина Битола
Градоначалник,
м-р **Наташа Петровска,** с.р.

03-198/3
30 декември 2019 година
Новаци

Општина Новаци
Градоначалник,
**Љубе Кузманоски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.

ISSN 0354-1622

2020098